Мирослав Грчев

# ИСКРИ

## СПОРЕД ЧИЧКО МАРКА ЦЕПЕНКО



Цртани македонски народни поговорки од збирката на Марко Цепенко, објавувани 1976 и 1977 година во неделникот Екран.

# ЗА КРАЈОТ НА ВЕЧНОСТА

Херојските времиња ќе да се токму оние часови на квечерината кога отчукуваат последните дамари на денот... денот исполнет со неисполнети очекувања, надежи и ветувања. И ете,... токму за тие херојски времиња и за таа своја, наша, заедничка, а никогаш општа битка за изгубената кауза, сега ни прикажува Мирослав Грчев (1955, Скопје) во своето обновено претставување на цртежите Искри според чичко Марка Цепенко
(Кома Дизајн Центар Скопје, 2018).

Поточно, се работи за еден вид повторена можност за средба со цртаните македонски народни поговорки од збирката на Марко Цепенков коишто Грчев ги беше објавувал во текот на 1976. и 1977. година во неделникот Екран. Главната, пак, содржина на сегашната можност за средба со некогашните преокупации на овој автор со широки интереси во архитектурата, фотографијата, графичките дисциплини и филмската анимација, опфаќа две мошне интересни (важни?!) тематизации - на она што може и треба да се раскаже, како и на она што мора да биде прераскажано. Со други зборови, денес Грчев ги предлага своите илустрации на народната мудрост едновремено, и како приказна на личните спомени за крајот на вечноста, но и како колективно, историско преприкажување на условите за тековната живеачка на бесконечната сегашност.

За да се одгатне значењето на овие четириесеттина цртежи коишто се настанати пред четириесеттина години, бездруго е потребна некаква толковна рамка или, барем, шифрарник на клучните зборови. Кај Грчев, успешниот превод од опит, преку смисла до значење, го претполага разбирањето на аспирациите, темите и мотивите на едно поколение обликувано од повоената, континентална демографска експанзија ... односно, на едно поколение коешто созрева во

вжештениот амбиент на идентитетските, статусни и институционални одречувања на сопствениот историски систем.

И уште нешто... уште едно појаснување за непосредно достапните авторски намери во зафаќањето со културната археологија на цртежите од Искри според чичко Марка Цепенко - изданието не е документ на еден довршен творечки процес (занимање) туку е резултат на неодминлив, актуелен критички налог (позив). Значи, за што, всушност, станува збор?

Најнапред, тука е мотивот на фолклорот во улога на радикален израз на растечките анти-идеолошки тенденции од годините на преовладувачката, модерна гео-култура во одумирање. Во тогашниот македонски општествен простор - а се разбира, и другаде - мотивот на фолклорот главно се ползува како метонимија, како аватар за пред-модерната, пред-идеолошка етапа на индивидуалното расудување и социјалните заемодејствија. Накусо, народните умотворини претставуваат чист изблик на здравиот разум... секогаш двосмислен, но никогаш противречен.

Натаму, тука е и тематизацијата на универзализмот како јазична способност, како препорачана техничка постапка за интеграција во модерната идиоматика на светската жива култура и културно наследство. Во тој поглед, македонската културна сцена од оловните времиња - а се разбира, и подоцна - го дава својот прилог со сопствена тематизација на помодниот фразеолошки материјал: фаќање приклучок, локално-глобално, универзално по форма и национално по содржина... Накусо, градењето, одржувањето и унапредувањето на универзалната и унверзализирачка јазична способност на творештвото е тегобна задача на постојаната, секојдневна ре-инвенција на традицијата.

Конечно, тука се аспирациите, стремежите за промени коишто ги носат и негуваат многубројните генерациски, расни, полови, родови, гео-економски и трудови групации од маргините на Историјата... заедници занемарени и изоставени од успесите на актуелната општествено-економска формација во заминување. Во психо-логиката на универзалните културни форми од осмата деценија на минатото столетие - а се разбира, и во македонскиот културен контекст - втемелувачко значење има поимот на кризата ... искуство на системски, долготрајно попречени стремежи за промени во начинот на донесување лични одлуки и правење колективни избори за пожелните општествени цели.

Следствено, старите цртежи на Грчев претставуваат сосема нов напор за критичко соочување со формативното минато на тековната стварност. Денес, знаеме дека здравиот разум и традицијата се само вешто затскриени, непроѕирни идеолошки конструкти, впрегнати во јазичната норма којашто ја потчинува желбата и ја осиромашува мислата. Денес, знаеме дека сме во судир со кризата на историскиот систем како целина, а не со нејзините финансиски, морални, институционални, творечки или економски манифестации, одделно. Затоа, испитувањето на сеќавањата за нештата што претстојат е нужен предуслов за знаењето на нештата во надоаѓање.

Во таа смисла, Мирослав Грчев со своите Искри според чичко Марка Цепенко, несомнено дава сериозен придонес кон подлабоките согледувања на основната проблематика во современата културна генеалогија... особено сега, откако е стивнат денот а бувот на мудроста (Историјата!?) се подготвува да полета кон ноќта којашто надоаѓа.

Бојан Иванов




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 05.11.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 29.10.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 05.11.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 12.11.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 19.11.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 26.11.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 03.12.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 10.12.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 17.12.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 24.12.1976




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 07.01.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 14.01.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 21.01.1977



ШЕГА КОЈ СЕ БИЕТ, НА ДРУГИО ШЕГАТА ОДИТ ПО НЕГО.




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 28.01.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 04.02.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 11.02.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 18.02.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 25.02.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 04.03.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 11.03.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 18.03.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 25.03.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 01.04.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 08.04.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 15.04.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 24.04.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 29.04.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 06.05.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 13.05.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 20.05.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 27.05.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 03.06.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 10.06.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 17.06.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 24.06.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 01.07.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 08.07.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 15.07.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 22.07.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 29.07.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 05.08.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 12.08.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 19.08.1977




Екран, хумористичен подлисток Солзавец 26.08.1977

Искри спред чичко Марка Цепенко -
цртани народни поговорки од
збирката на Марко Цепенков

Мирослав Грчев

2018



**Издавач:** Темплум (www.templum.mk)

**Уредник на едицијата:** Никола Гелевски

**Автор на предговорот:** Бојан Иванов

**Дизајн:** Кома и Мирослав Грчев